## Зошто да предаваме филантропија?

Учениците поминуваат многу време во училиштата каде што се развиваат знаења и вештини за да можат да преминат на пазарот на трудот и да добијат личен раст како возрасни индивидуи. Наставата по филантропија е модерен тренд кој има за цел да развие важни социјални вештини, критичко размислување, расудување и емпатија кај учениците.

Целта на демократското општество е да воспитува генерации на ученици кои ќе бидат лидери не само во економскиот, туку и во општествениот и граѓанскиот живот. Улогата на професорот е од исклучителна важност за поттикнување на интересот за знаење, стекнувањето вештини и страст за идните лидери.

Преку предавањата за филантропијата учениците имаат придобвика од изучувањето вештини кои се релевантни за пазарот, бидејќи одделите за корпоративна одговорност и социјалните претпријатија го отвораат патот кон иднината на економијата. Со учење на концептите на стратешки донации, учениците се во можност да го препознаат коренот на проблемите на општеството и преку критичко размислување можат да придонесат кон можни општествени интервенции.




Училиштата имаат корист од свежите и иновативни наставни програми што ги поврзуваат подобро со другите клучни засегнати страни во општеството. Подобрата поврзаност со деловниот сектор создава мостови меѓу училиштата и приватните компании, ги инспирира учениците да преземат поактивна улога во нивните идни кариери. Отворањето на училиштата за поблиска поврзаност со граѓанското

општество создава можности за соработка и понатамошно градење мостови каде општокорисната работа ги зголемува вештините на учениците и гради посилна кохезија во заедницата.

Предавањето филантропија претставува учење што значи да се биде добар граѓанин, стекнување вештини за тоа како да се биде одговорен лидер во приватна компанија/шеф на оддел за корпоративна одговорност/директор на социјално претпријатие, го подобрува демократското општество, подготвувајќи собирање средства за добротворна акција и оспособување на учениците да му возвратат на општеството.

## Улогата на секторите

Филантропијата е важен дел од демократското општество. Со цел учениците да ја сфатат улогата на трите сектори во општеството, објаснете го дијаграмот подолу.




**Вежбајте**
Како вежба прикажете го истиот дијаграм и побарајте од учениците да ги стават субјектите во точниот сектор.




Слика1 Трите сектори [1]




*Слика2 Ставете ги субјектите покрај точниот сектор*

[1] Преземено од https://medium.com/@gabbyturner/the-function-and-impact-of-civil-societies-and-civil-society-organizations-4dc481c8496




*Слика3Точните одговори заа субјектите и секторите*

За да ја разберат улогата на филантропијата во денешниот свет, учениците, настрана од учењето за организациите за граѓанско општество и новите бизнис модели за Социјално претприемништво, треба да научат и за улогата на приватниот сектор и за концептот на корпоративната социјална одговорност, кој исто така има за цел да придонесе кон позитивни општествени промени.

Дијаграмот го прикажува пресекот каде се среќаваат секторите и се мешаат во своите области на работење. Социјалната економија како пресек помеѓу граѓанското општество и приватниот сектор е целосно објаснета во прирачникот, придружен со Наставните планови. Она што е важно да се објасни е поттикот и тенденцијата на приватните компании да го одржуваат темпото со кое моралната економија го пробива својот пат во иднината, заедно со дискусиите за одржлив развој, етичко лидерство, еколошата криза и еднаквата распределеност на моќ и ресурси.